# КАКО ДА СИ ЈА ЗАШТИТИМЕ ПРИВАТНОСТА НА LinkedIn ?

LinkedIn.com е веб-сајт за професионално поврзување.

- Во 2012 година овој сајт има 161 милион регистрирани корисници.
- Се користи во повеќе од 200 земји и територии во светот.

Линкдин овозможува да се поврзете со тековните и со поранешните колеги и соученици, да воспоставите врски кога барате работа или нова бизнис-можност и да изградите мрежа со експерти кои се подготвени да споделат совет со вас.

Поставките за приватност на Линкдин изгледаат многу поедноставно од оние на Фејсбук. Но, доколку при креирањето и одржувањето на вашиот профил ги оставите стандардните поставки кои се однапред одредени од самиот сервис, можете да се изненадите колкав дел од вашите информации се јавни.

Сепак, количината на информациите кои ги чувате како приватни влијае и врз понудите за вработување, а во некои случаи и врз информациите кои можете да ги видите за другите корисници.

## ПРОФЕСИОНАЛНО УРЕДЕТЕ ГО ВАШИОТ ПРОФИЛ

Профилот на Линкдин претставува ваше кратко онлајн-резиме. Затоа треба да имате предвид неколку работи, пред да започнете да го уредувате.

Пред сè, бидејќи овој сервис има за цел да ви овозможи професионални конекции, при внесувањето на информациите на вашиот профил, потребно е јасно и прецизно да ги наведете сите податоци кои се однесуваат на вашето образование и работно искуство. Притоа:

- Вашиот профил треба да зборува за вашата професионалност и за вашите успеси во работата.
- Изберете профил-фотографија која ве прикажува во деловен контекст. Во никој случај не смеете да поставите фотографија од минатогодишниот одмор или од вчерашната забава со пријателите.
- Фокусирајте се на вашите бизнис-цели – вашиот профил треба јасно да ги истакнува вашите искуства и вештини во индустријата во која работите или барате вработување, како и да остава јасен впечаток со какви профили сакате да се поврзувате.

Бидејќи информациите за нашиот професионален живот се лични информации, приватноста е многу важен аспект при уредувањето на корисничкиот профил, па затоа добро регулирајте кој треба да има пристап до вашиот профил и што може да види.

Најпрво преку **Profile –> Edit profile –> Edit (во делот со вашето име)**, можете да изберете начин на прикажување на вашето име, цело име или само името во комбинација со првата буква од презимето, како и да овозможите видливост на

вашето моминско презиме за одредени корисници. Опцијата за избор на начинот на прикажување на името (**Display Name**) е достапна само доколку немате целосно јавен профил.

## РЕГУЛИРАЈТЕ ЗА ВИДЛИВОСТА НА ВАШИОТ ЅИД

Вашиот ѕид на Линкдин ги покажува новостите од вашите активности на сервисот. Ова вклучува и објави кога правите измени на вашиот профил, давате препорака или почнувате да следите некоја компанија. Понекогаш не сакаме сите да имаат увид во измените кои сме ги направиле. На пример, секогаш не сакате менаџерот на организацијата каде претходно сте работеле да дознае дека сега работите за нивните директни конкуренти.

Затоа со поставката **Select who can see your activity feed**, до која може да пристапите преку корисничкото мени во горниот десен дел и избор на **Settings -> Profile**, можете да изберете кој ќе може да ја гледа вашата активност. Понудени се четири можности за видливост на вашите дејства на Линкдин: за секого (**Everyone**), само за



оние луѓе во вашата мрежа (**Your network**), само вашите врски (**Your connections**) или само за вас (**Only you**). Доколку преферирате вашите дејства на Линкдин да бидат приватни и да не бидат видливи за останатите корисници, изберете го последното.

Прикажувањето на активноста на вашиот ѕид можете и сосема да ја исклучите преку опцијата **Turn on/off your activity broadcasts,** која се наоѓа на врвот од контролите за приватност на вашиот профил.

## ПОСТАВЕТЕ СООДВЕТНА ПРОФИЛ-ФОТОГРАФИЈА И ОДРЕДЕТЕ КОМУ ДА БИДЕ ВИДЛИВА

Со оглед на тоа што Линкдин е сервис за професионално вмрежување, доколку одлучите да поставите профил-фотографија, треба да знаете дека ова ќе им помогне на вашите контакти да знаат како изгледате и како се претставувате. Фотографијата треба да ве претставува во сериозно светло.




Има два начина за поставување или менување профил-фотографија. Пред сè, тоа може да го направите преку **Settings –> Profile –> Change your profile photo & visibility** или преку истата опција достапна во делот **Account**.




При поставувањето на сликата можете да ја изберете и видливоста, па освен на оние на кои им испраќате пораки, вашата фотографија може да биде видлива и 1 за вашите врски, 2 вашата мрежа или 3 за сите.

## ПРОВЕРЕТЕ КОЈ ВИ ГО ГЛЕДА ПРОФИЛОТ

Овој сервис ви овозможува да добиете информација кој ви го гледал профилот, а со тоа да имате увид кој индивидуалец или која компанија се интересирала за вас и каква е популарноста на вашиот профил.




Во кутијата „**Who's Viewed Your Profile**" лоцирана во долниот десен агол можете да видите: колку пати е виден вашиот профил во последно време и колку пати сте се појавиле во резултатите при пребарувањето.

Со кликнување на линкот добивате страница со податоци за тоа кој го гледал вашиот профил, при што некои ќе бидат наведени со име и презиме, додека други кои имаат дефинирано построги поставки за приватност ќе ги сретнете како „Некој од компанијата X", „Некој на позиција Y од Скопје" или „Директорот на компанијата X".




Секако, освен што вие можете да гледате кога некој се интересира за вашиот профил, другите корисници исто така добиваат информација кога вие ги посетувате нивните профили. Затоа, преку **Settings –> Profile –> Select what others see when you've viewed their profile**, изберете што ќе дознаат другите за вас кога ќе го посетите нивниот профил.

Постојат три начини на кои можете да бидете прикажани пред другите корисници: 1 со вашето име и позиција во фирмата; 2 со анонимни карактеристики од вашиот профил, како што е индустријата во која работите и позицијата што ја имате; 3 или да бидете сосема анонимни за корисниците чии профили сте ги гледале.



## ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРОФИЛИТЕ НА ЛИНКДИН И НА ТВИТЕР

До неодамна, двете компании беа во партнерство кое овозможуваше вашите „твитови“ да бидат вклучени како статуси на вашиот профил на Линкдин. Ова повлекуваше некои препораки во однос на приватноста. Бидејќи соработката помеѓу нив е прекината, со тоа ја снема и опасноста од добивање погрешен впечаток за професионалноста на еден корисник на Линкдин како резултат на праќање нефилтрирани „твитови“.

Сè уште е возможно да „твитате“ од Линкдин, и тоа преку повеќе Твитер-кориснички сметки (**Settings –> Profile –> Manage your Twitter settings**), но обратното е сега опција само со помош на дополнителни сервиси како ifttt.com, кој овозможува оние твитови кои сакате професионално да ги споделувате, да ги означите со одреден хаштаг (на пример #in) за да се појават и на Линкдин.

## УРЕДЕТЕ ГО ВАШИОТ ЈАВЕН ПРОФИЛ

Откако ќе го уредите вашиот профил и ќе ги внесете сите релевантни информации, се наметнуваат прашањата: Кога вашиот профил на Линкдин ќе се појави во јавни пребарувања? Колку информации ќе можат другите да видат без да се најават на Линкдин?

Тоа е она што ќе го одредите со поставките за јавен профил. Со стандардните поставки кои се предодредени од страна на сервисот, посетителите имаат пристап до вашиот целосен профил. Овие информации може да се видливи и за луѓето кои не се дел од вашите главни контакти – попознати како врски.

Доколку вашата намера е да бидете транспарентни или го користите Линкдин како алатка за наоѓање работа, тогаш треба да бидат достапни што повеќе информации и препорачливо е тие да се целосно видливи. Сепак, доколку не сакате да ги откриете сите ваши информации, одете во **Settings –> Profile –> Edit your public profile** за да го уредите вашиот јавен профил.




Овде ажурирајте го делот за приспособување на вашиот јавен профил (**Customize Your Public Profile**) со обележување/откажување на карактеристиките кои сакате или не сакате да бидат јавно прикажани, како што се: 1 вашето име, индустријата, локацијата и бројот на препораки; 2 фотографијата; 3 насловот – на пример името на компанијата во која мо-



ментално работите; **4** тековните позиции; **5** интересите и слично. Како што правите промени во изборот на опциите во десниот дел од екранот, така од лево се менува приказот на вашиот профил. Дополнително, во секој момент можете да кликнете на линкот **View your public profile** за да бидете сигурни дека вашиот јавен профил за другите се појавува онака како што сакате.

## УРЕДЕТЕ ГИ ПОСТАВКИТЕ ЗА Е-ПОШТА

Со стандардните поставки на сервисот, Линкдин ви испраќа е-пошта со известување за секоја кариерна можност, барање на експертско мислење, консултантски понуди, бизнис- зделки, барање за препораки, понуди за работа и сл. Доколку секојдневно не го посетувате својот профил на Линкдин, овие поставки ви овозможуваат постојано да бидете во тек со случувањата на сервисот и навремено да одговорите.






Доколку не сакате да бидете претрупани со непосакувана е-пошта и често да добивате известувања за секоја активност поврзана со вашиот профил, пристапете кон **Settings –> Email Preferences** и изберете 1 каков вид пораки сакате да примате; 2 колку често; 3 кои корисници можат да ви испраќаат покани; и 4 колку често да ви бидат испорачани повеќе известувања во една порака. Во овој дел можете да ја регулирате комуникацијата со сервисот во однос на: 5 известувањата за разни совети и нови можности на Линкдин; 6 поканите за учество во истражувања; и 7 рекламните и информативните пораки од нивните партнери.

## ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ НА ЛИНКДИН ПРЕКУ БЕЗБЕДНА ВРСКА

Со цел да ја заштитите вашата приватност, користете безбедна врска (**https**) за да го разгледувате Линкдин. Преку **Account –> Manage secure settings**, штиклирајте го полето за сурфање преку безбедна врска секогаш кога тоа е возможно.




## РЕДОВНО МЕНУВАЈТЕ ГИ ЛОЗИНКИТЕ

Неодамна сервисот се соочи со скандал кога еден руски хакер објави листа на лозинки од корисници на Линкдин. Сервисот потврди дека некои лозинки биле загрозени и ги алармираше своите корисници да ги променат лозинките на своите профили како мерка на претпазливост, а оние кои биле жртви, во овој случај добија директни инструкции од компанијата за следните чекори во заштитата на нивните профили.

Затоа менувајте ги лозинките почесто, со цел да се осигурите дека никој нема да стекне пристап до вашата корисничка сметка. Плус, секогаш избирајте силни лозинки кои се комбинација од букви, бројки и од специјални знаци.




Лозинката можете да ја менувате преку 2 **Settings -> Account -> Change password**, но препорачливо е да додадете и барем една алтернативна имејл-адреса преку која сервисот ќе може да ве контактира во случај да ја заборавите лозинката или да настанат некои невообичаени промени на вашиот профил. Ова можете да го направите од истото мени, преку опцијата 1 **Add & change email addresses.**

**Издавач:** Метаморфозис

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

**Поддржано од:** Фондација Отворено општество – Македонија

**За издавачот:** Бардил Јашари
**Автор:** Ирина Шумадиева и Тамара Ресавска
**Лектура:** Марија Костовска
**Графичка обработка:** Кома

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

004.738.5.056.5(036)

ШУМАДИЕВА, Ирина
Како да си ја заштитиме приватноста на Линкдин? / [автори Ирина Шумадиева, Тамара Ресавска]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2012. - 12 стр. : илустр. ; 16x16 см

ISBN 978-608-4564-40-9

1. Ресавска, Тамара [автор]
а) Интернет - Безбедност - Водичи

COBISS.MK-ID 91858442